# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

# ПОМЕЃУ

# КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# И

# Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“

КСЗД

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSES

КСЗД

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 09-220/1
13-04-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSES

Институт за истражување и анализа на политики
РОМАЛИТИКО СКОПЈЕ
Institute for Research and Policy Analysis
ROMALITICO SKOPJE
Бр. 0802-77/1
13.04.2022 год.

Со цел промовирање, развој и континуирана соработка во однос на еднаквоста, промоцијата на човековите права и елиминирањето на сите видови дискриминација во согласност со заедничките интереси и целите на двата субјекти, Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико" и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го потпишуваат следниов:

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 13.04.2022 година, помеѓу:

1. Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико" – Скопје, претставуван од г-дин Елвис Шаќири, Извршен директор

   и

2. Комисија за спречување и заштита од дискриминација на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисијата), претставувана од Кире Василев, Претседател на Комисијата

## ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

### Член 1

Предмет на овој Меморандум е соработка помеѓу страните потписнички при спроведување на активностите предвидени во рамките на Проект на УСАИД за инклузија на Ромите, финансиски поддржан од Агенцијата на САД за меѓународен развој на УСАИД, имплементиран од страна на Институтот за истражување и анализа на политики, со цел да се даде придонес кон зајакнување и унапредување на механизмите на заштита на човековите права и слободи.

Со потпишувањето на овој меморандум, страните потписнички ќе соработуваат во согласност со надлежностите доделени во овој Меморандум на секој потписник во периодот на траење на проектот.

Овој меморандум за соработка ги утврдува правата и обврските помеѓу страните потписнички со цел правилно и непречено имплементирање на проектот и постигнување на предвидените цели за достигнување на видливи промени во Ромската заедница.

Член 2

Институтот за истражување и анализа на Политики – Ромалитико преку овој проект има за задача :

- во соработка со засегнатата страна да изготви концепт и план на посети во локалните канцеларии во рамките на Проектот на УСАИД за инклузија на Ромите;
- да разменува периодични (квартални) информации од ситуацијата на терен во работата со Ромската заедница;
- да спроведе кампањи за информирање на заедницата за заштита и спречување од дискриминација, пристапот до услуги, пристапот до права од социјална заштита, вработување и основни човекови права и слично;

Член 3

Комисијата, како засегната страна со цел да придонесе во остварувањето на целите на проектот и унапредување на положбата на Ромската заедница се обврзува:

- да обезбеди учество на свои претставници на информативни средби со Ромската заедница во локалните канцеларии во рамките на Проектот на УСАИД за инклузија на Ромите, заради:
  - презентирање на делокругот и работата на Комисијата и
  - информирање на заедницата за покренување постапки за заштита од дискриминација пред Комисијата;
- да разменува периодични (квартални) информации со Ромалитико во однос на бројот, областа и статусот на постапките покренати пред Комисијата, а кои се однесуваат на дискриминација насочена кон припадници на ромската заедница во Република Северна Македонија.

Член 4

Ромалитико се обврзува дека ќе обезбеди добиените податоци да се користат во согласност со постоечките законски и подзаконски прописи, а посебно прописите од областа на заштитата и обработката на личните податоци.

Ромалитико се обврзува дека ќе обезбеди податоците добиени од Комисијата да не се пренесуваат до другите органи на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, други физички и правни лица, освен кога се доставуваат како доказ за спроведување на активностите предвидени во член 1, став (1) од овој меморандум.

КСЗД

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSES

Член 5

Страните се обврзуваат периодично, по потреба, да одржуваат средби за меѓусебно информирање за напредокот од спроведувањето на активности поврзани со проектот.

Член 6

Овој меморандум за соработка се однесува на времетраењето на проектот, заклучно до 31.12.2023.

Член 7

Овој меморандум ќе се применува од денот на потпишувањето, а секоја договорна страна може да го откаже преку писмено известување.

Меморандумот ќе престане да важи по истекот на 30 дена од денот на приемот на известувањето за неговото откажување.

Времетраењето на важноста на овој меморандум за соработка може да се продолжи во зависност од потребите на двете страни, со Анекс во кој ќе биде допрецизиран новиот рок на важење на Меморандумот.

Член 8

Овој меморандум е составен во четири (4) примероци во оригинал, по два за секоја страна.

Со одредбите на овој меморандум се согласуваат двете страни, што го потврдуваат со своите потписи на крајот од Меморандумот.

**Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико**

________________________

**Извршен Директор**
**Елвис Шакири**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

________________________

**Претседател**
**Кире Василев**